**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Осумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 септември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 83-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илија Георгиев, Благој Ханџиски и Валентина Божиновска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Присутни се 66 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на Втората точка од дневниот ред - Предлог на одлука за распишување на референдум во Република Македонија.

Предлогот на одлуката поднесен од пратеникот Ристо Спанаков ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Согласно член 73 став 1 од Уставот на Република

Македонија,Собранието за распишување на референдум одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Молам, кој бара збор.

Има збор предлагачот, господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитувана господо, американскиот и македонскиот народ денес сочувствуваа. Му дадоа жртви на тероризмот без каква и да е вина, без каква и да е логика, токму во време кога целиот свет се надеваше дека епохата на војната и безумието засекогаш исчезнаа. Затоа дозволете ми од името на симпатизерите, на членовите на раководството и од името на пратеничката група на Нова демократија да го искажам нашето сочувство со семејствата на жртвите, на безумието, терористичкиот напад врз нашиот осведочен пријател САД.

Нема зборови со кои може да се искаже длабочината на нашето чувство, ниту да се ублажи болката на невините жртви, чии најблиски настрадаа во чудовишен напад на нелуѓе кои мислат дека со насилство и со терор врз сите, особено врз недолжните ќе можат да остварат политички права.

Македонија ја разбира болката, тагата и солзите на американците, ја сваќа вџашеноста, има разбирање за збунетоста на нивните политичари, но не е веќе спремна да му попушта на насилството, да се исправа пред теророт, да разговара со неговите емисари. Спремни сме на решителна битка со сите демократски средства да го поразиме насилството и теророт, овде кај нас, како наш скромен придонес во борбата на целиот свет против нелуѓето што ги решаваат резултатите со безочни убиства.

За сите нас, особено за симпатизерите и членовите на Нова демократија, уривањето на Лешочкиот манастир и на светскиот трговски центар се злостори против човештвото. Грозоморните убијци на овие цивилизациски симболи треба најостро да бидат казнети за да може да продолжи борбата за изградба на демократија, за да може врз примерното пресметување со терористите да се изгради мир, да се изгради светски поредок во кој ваквите чудовишни убиства нема да бидат возможни повеќе.

Почитувани,

Нова демократија до самиот почеток на кризата во Македонија тврдеше и постојано укажуваше дека сите заедно сме жртви на терористи и бандити, платени убијци и фанатици кои од Косово, а кое што е во хаос, насрнаа на нашата држава, на нашата демократија, мир и слобода.

Нова демократија, од самиот почеток укажуваше на итната потреба, на теророт да му се скратат крилјата уште пред да полета. Во корен да се исече пред да израсне во чудовиште што урива цркви, споменици, згради, авиони, домови, пред да стане ламја што унисреќува цели поколенија.

Баравме насилството да се искорени од нашата и од светската политика, за да и се даде шанса на демократијата, не само да продолжи да ги уредува односите меѓу

луѓето, туку и да се развива во доблест кој нема да прави разлика меѓу граѓаните, вредност која нема да ги дели луѓето по етничка и племенски заедници, според јазикот, според вероисповеста, според бојата на кожата. Сметаме дека пресметката со увезениот тероризам, или подобро речено пресметката со насилството кое ни се прелеа од Косово, како последица на редица грешки кои го урнаа меѓународниот поредок и принципите на мирољубивата коегзистенција,требаше да биде предуслов за дијалог, за унапредување на нашето општество и демократија.

Во нашата платформа за решавање на кризата побаравме целосно разоружување и расформирање на т.н. ОНА и на нејзините терористички банди. Побаравме целосна елиминација на насилството и повторно изградба, низ дијалог, на довербата, најнапред доверба спрема демократијата и државата, а потоа доверба меѓу македонскиот народ и сите малцинства во Република Македонија. Или, ако сакате изградба на доверба меѓу албанците во Македонија и сите други граѓани, бидејќи терористите, бандитите, платениците и талибанците, нашите сограѓани од албанско потекло ги изложија сосема недолжни, како главни виновници за трагедијата која не снајде.

Почитувани, токму затоа нашата најнова иницијатива, предлогот ова свикување на Собранието да донесе одлука за референдум, треба да го сфатите како обид да му се даде шанса на мирот, да го сфатите како обид да и се врати силата на демократијата, токму сега кога теророт царува во светот и ја фрла на колена најголемата демократија, најголемата воена сила. Едноставно, нашето барање е на граѓаните да им се овозможи сами да решаваат како ќе живеат, како ќе ги уредуваат меѓусебните односи, без манипулации, без посредништво на политички и други елити, без туторство од дома или од надвор, без уцените на терористите, без страв од војна, без кошмарот на насилството кое царува во Македонија повеќе месеци. Дотолку повеќе што ние пратениците немаме мандат сами да решаваме за толку важни прашања како тие што се отвораат сега пред нас, со Рамковниот договор, а ни ги натури теророт.

Ние не добивме мандат на изборите 1998 година да ги менуваме темелите на нашата држава и на нашето општество, а уште помалку имаме право да се откажуваме од минатото и историските доблести содржани во преамбулата на нашиот Устав.

Ние сме убедени дека нашата иницијатива ќе го зацврсти мирот. Најнапред поради тоа што решение на граѓаните ќе биде конечно и општо прифатено. Понатаму поради тоа што плебицитот нема да биде плод на политичка манипулација, како што сега може да ни се случи, или ако сакате, ни се случува. И конечно поради тоа што нашите граѓани, убедени сме, не сакаа да го менуваат досегашниот нажин на соживот и да се делат во племенски заедници и јазични и политички гета. Едноставно Нова демократија е убедена дека има подобри решенија за проблемите што произлегоа од прелевањето на кризата. Нема сила што може да не разубеди дека таквите креативни решенија не се подобри од сите наметнати решенија, особено од решенијата стокмени во политичката кујна, под притисок на оружјето, на теророт и на меѓународната заедница која од сите нас од нашето општество и од нашата држава бараше да попуштиме, како попаметни од тие што немаат други аргументи, освен убиства од заседа, палење на мртвите, на домовите, на храмовите, од тие што не нудат ништо друго туку етничко чистење како решенија за вековниот соживот на сите нас заедно. Сметаме дека е време нештата да се вратат таму каде што им е местото, кај граѓаните, во чие име сето ова се прави.

Почитувани,

Нова демократија не е против Рамковниот договор, како што некои сакаат да го прикажат. Не верувам дека има некој во овој наш дом на демократија што не и посакува мир на Македонија. Не можам да појмам дека некој овде посакува насилството да биде поредок не само на нашата држава, туку и во светот. Убеден сум дека и покрај сите политички и други разлики, сите 120 пратеници веруваме во подобра иднина, веруваме во потребата Република Македонија да опстане како единствена држава во која сите ние и нашите поколенија ќе можеме слободно, во слога и во целосна еднаквост, а не поделени и скарани да трагаме по сопствената среќа. Токму затоа Нова демократија сака да им се даде можност на граѓаните, креативно да го доградиме Рамковниот договор. Сакаме заедно со нив, ние пратениците и граѓаните да го сочуваме неговиот дух и да му овозможиме да донесе мир. Оттаму нашата иницијатива за изјаснување на граѓаните по пат на референдум не е ниту против

Рамковниот договор, ниту против мирот, туку напротив теророт да се искорени и истргне од процесот на политичкото одлучување во кои се вметна поради слабостите на политичарите, или нивните желби, со него да манипулираат во прилог на своите тесни партиски или други интереси.

Почитувани,

Нова демократија не сака октроиран мир, не сака октроиран Устав, не сака октроирана држава која ќе биде протекторат на теророт. Ние сакаме со ова премрежје да заврши мракобесната авантура која почна во Танушевци и се прошири насекаде, па ако сакате и во Њујорк.

Токму поради тоа предлагаме Собранието на Република Македонија да донесе одлука за распишување на референдум, со единствено прашање - дали сте за измени на Уставот на Република Македонија што произлегува од Расмковниот договор, потпишан на 13.08.2001 година во Охрид.

Убедени сме дека референдумот е единственото решение за кризата. Тој ќе има законодавен карактер и неговата одлука ќе го обврзе Собранието. Референдумот ќе биде проверка за сите нас.

Силата на референдумот е во неговата демократичност, во борбата на аргументите, во кампањата, во напорот на политичарите, на сите нас пратеници да ги убедиме граѓаните во нашите видувања. Силата на референдумот е во тоа што тој не ги дели граѓаните на племиња, туку им го дава правото самостојно, во сета тајност да решаваат за својата судбина, откако ќе ги сослушаат сите заложби на политичарите. Во спротивно сите наши одлуки ќе бидат невалидни. Се што ние овде ќе створиме сами ќе го има вкусот на измама, на манипулација, нема да биде прифатено и ќе создава уште пострашна криза. Ќе не воведе во војна, место да донесе мир.

Сведоци сме на искажаното незадоволство на сите граѓани. Едните сметаат дека во Охрид, во тајност и зад грб на народот се извршило предавство и капитулација. Другите сметаат дека добиле премалку и дека некакви си квислинзи ги издале интересите на нацијата со хегемонистичка цел, да создава велика Албанија. Ова незадоволство нема да тлее. Ќе букне во војна. Поделени на заедници сите ние ќе бидеме пленици на племенскиот дух и на повикот на каудиљосите на бели коњи кои ќе не повикаат на јуриш да го вратиме даденото или да земеме повеќе.

Уставните амандмани кои треба да произлезат од Рамковниот договор не решаваат ништо, само ги поставуваат причините на идната војна која ќе почне ... утре. Никој не треба да гаи илузии дека со теророт е готово. Тој никогаш нема да биде задоволен, дури ни кога *ќе* ја оствари својата крајна цел, најрадикална крајна цел. Не треба да се заборави ниту тоа дека тероризмот не познава сојузници ниту е некому лојален. Тој ги напаѓа сите, особено тие што го создале, што го хранат и некои наши политичари веруваат дека можат да го манипулираат. Погледнете го Њујорк, Вашингтон, па белким ќе сватите што не чека и нас сите заедно македонци, албанци, турци, роми, срби и сите други. Ако не му речеме не, ако не ја отфрлиме неговата уцена и ако невоспоставиме вистински дијалог, во кој низ легитимна и рамноправна борба на мислења, без насилство и уцени, ќе градиме нешто што ќе биде договор. Дури и компромис, со сите дефекти, ама ќе биде наш, а не некакви си таму помагачи кои не можат да се одбранат од теророт самите тие, а нас не тераат да му подлегнеме.

Американскиот конгрес едногласно му даде на претседателот Џорџ Буш широки овластувања да поведе војна против тероризмот во светот. Американците ќе ја употребат, бидете сигурни сета своја моќна супер сила проти терористите на Бин Ладен, против учениците на истиот тој демон на фундаменталистичкото насилство, што пукаат и од Шара и од кумановските села, врз демократијата и граѓанскиот поредок на нашата земја, против, како што дознаваме сите оние што каде и да се му служат на Бин Ладен и неговиот заговор против нашата цивилизација и демократија.

Колку што можев да видам од печатот и овде кај нас дејствуваат следбениците на Бин Ладен, човекот против кого Џорџ Буш доби зелено светло од својот парламент да ја употреби сета сила на САД. Оттаму не гледам зошто не можеме и ние пратениците на Собранието на Република Македонија да се придружиме кон оваа борба, но бидејќи сме ние мала земја, бидејќи не сме супер сила, предлагам да го употребиме нашето најмоќно оружје, демократијата.

Ние можеме, верувајте ми, да му зададеме смртоносен удар на тероризмот овде кај нас и со тоа да се придружиме кон најголемото во историјата сојузништво, глобалната алијанса против тероризмот. Како

тоа да го направиме? Едноставно, да им овозможиме на нашите граѓани со референдум да се изјаснат за тоа дали сакаат да го менуваат Уставот, да исфрлат македонскиот народ од рамката што ја дефинира неговата држава. Ако му застанеме на тероризмот на патот, со демократија, ако покажеме дека не може со сила да не измести, ќе сториме повеќе отколку самата САД, со бомбардирање на Авганистан, дувлото на Бин Ладен. Нашата победа ќе биде победа на демократијата, која во случајот на нашиот референдум ќе покаже дека е најефикасното оружје против насилството и теророт.

**ЧЕДО ПЕТРОВ**: (продолжение)

Токму поради ова ги повикувам пратениците на Парламентот на Република Македонија да дадат поддршка на иницијативата за распишување на референдум.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувам претседателе, почитувани колеги пратеници, прво морам да кажам дека ми остана малку нејасно образложението од аспект на точката; на дневен ред, меѓутоа веројатно тоа е мој проблем.Денеска група од четири пратеника предлагаат распишување на референдум за уставните амандмани во Република Македонија. Да констатираме дека согласно Уставот и законите тоа е можно, но веднаш да констатираме дека распишувањето на таков референдум во овој момент има проблеми со политичкиот легитимитет на донесување на таквата одлука, односно опортунитетот дали тој треба да се распише сега и овде. Пратеничката група на СДСМ сосема спротивно од ова што беше кажано од страна на предлагачите кои рекоа дека ние сме убедени дека распишувањето на референдумот нема да го наруши мирот. Нашата позиција е во политичка смисла сосема спротивна и тоа треба да не загрижи сите во Парламентов, нашата политичка позиција е токму спротивното, дека имаме уверуваше, или страв во бојазност дека токму распишувањето на референдумот ќе го наруши тешко воспоставениот мир во Република Македонија. Се рабира дека референдум во основа не е никогаш спорен, затоа што ги скока пратениците и оди директно кон граѓаните. Но, мислам дека е спорен тој да биде сега во овој момент, затоа што ситуацијата во Република Македонија не е редовна, таа не е ниту нормална. Ситуацијата како што знаеме дека е вонредна, таа е оптоварена со тешко воспоставен мир,кревок мир и референдумот ќе се соочи со тие проблеми кои ја оптоваруваат државата. Веројатно нема да кажам ништо ново, ако соопштам дека ставот на пратеничката група на СДСМ е да не се распише референдум, не заради прашањето кое го третира референдумот, не заради легитимноста и демократичноста на референдумско прашање во некои други услови, туку најмногу од следниве причини.

Прво, ако денеска се донесе, или утре одлука на ова Собрание да се распише референдум, тој по предлог на предлагачите би требало да се одржи на 25 ноември. Простата математика кажува дека до тогаш имаме 70-тина денови. Веднаш можеме да замислиме што ќе се случи во тие 70 денови. И тоа е она што нас најмногу не загрижува и најмногу не плаши зошто мислиме дека референдумот може да ја влоши ситуацијата во Македонија и спротивно на оценката дека нема да го наруши, да го наруши мирот. Веројатно нема да кажам ништо ново, меѓутоа ќе дозволите да го соопштам тоа уште еднаш, дека најверојатно, или пак со сосема голема сигурност можеме да претпоставиме во овој Парламент дека денешното гласање за референдумот и неговото распишување по 70 денови од денес ќе донесе неколку последици. Прво, ќе се запре спроведувањето на Рамковниот договор во фазите во кои почна, на пример Анексот-А од уставните амандмани се до распишувањето и се до одржувањето на референдумот, а тоа значи 70 денови. Како последица на тоа ќе запре и другиот дел од Рамковниот договор, а тоа е распуштањето и разоружувањето на ОНА кое не можеме со сигурност, меѓутоа можеме со 99% да тврдиме дека исто така ќе биде запрено, затоа што тоа е поврзано со изгласувањето на уставните амандмани. Запирањето на тој процес ќе значи и создавање на ситуација во која силите на НАТО кои се распоредени за операцијата жетва ќе се појават како сили кои немаат ангажман во текот на 70 дена и најверојатно ќе се повлечат од Република Македонија, исто како што стравот од распламтувањето на судирите и последиците од распишувањето на референдумот ќе ги повлече во поголем, или во помал број и сите други меѓународни претставници и монитори од ОБСЕ, од Европската Унија и други. Тоа значи дека ќе имаме период во кој 70 дена оружјето поставено по линиите каде што сега е воспоставен мир, ќе биде насочено едно спрема друго и ќе треба да го

издржи тестот од 70 денови да не испали куршум. Тој тест ќе биде многу сериозен за Република Македонија затоа што ако се испали тоа оружје во тој период, тогаш со сигурност можеме да тврдиме дека нема да има ни спроведување на Рамковниот договор, а уште помалку ќе може да има референдум. Од тие причини сосема е сигурно и тие кои сме за, или против референдумот можеме да претпоставиме дека изгласувањето на одлуката за референдум значи запирање на мировниот процес, негово одложување минимум за 70 денови, односно повторно воспоставување на борбените дејствија во Република Македонија.

Второ, Република Македонија во овој момент според ситуацијата на кревок мир во кој се наоѓа нема можност да одржи никакви политички процеси во вид на избори, референдуми, пописи на својата територија. Првиот доказ кој во ова Собрание едногласно сите го изгласавме само пред две-три недели е Законот за попис. Го одложивме пописот од 15 ок-томври за шест месеци на 15 април само со образложението дека во овие услови на територијата на Република Македонија не може да се одржи попис, затоа што населението на териториите каде што се во овој период запоседнати од терористичката ОНА пописот е невозможно да се спроведе, а второ, и голем број на граѓани се раселени. И тие не можат да гласаат во своето место.

Трето, одлагањето на пописот ги носи истите причини, или последици за одлагањето на било што друго што е врзано со процес кој подразбира изборни места, изборни кутии, гласање и изјаснување на населението. Тоа не само што ќе го загрози мировниот процес, туку сум уверен дека ќе ја загрози безбедноста на сите оние кои ќе се одлучат на оние територии кои што се загрозени да се приклучат на изјаснување по било кој основ. Самата Влада во неколку наврати, со оглед дека до Парламентот немаме официјално известување во неколку наврати ни соопштува бројки од 70, 90 па дури и над 100 илјади раселени лица кои исто така нема да можат да бидат опфатени во постапка на референдумско изјаснување.

Четврто, согласно нашите закони спроведувањето на референдумот во вакви услови носи уште една опасност. Опасноста е следната. За да биде референдумот успешен, за да се постигне целта заради која тој се распишува треба да се изјаснат минимум половината од гласачите на Република Македонија. Имаме предвид дека по изборниот список од милион и 600, тоа значи цензус од најмалку 800 илјади луѓе кои ќе излезат да гласаат на самиот референдум. Ако имаме предвид дека во Република Македонија досега од 1990 година до денес на сите видови на референдуми, избори и други видови на изјаснувања никогаш немало повеќе од милион до милион и 100 гласачи, или референдумски гласови кои се изјаснувале. Тогаш можеме со сигурност да претпоставиме дека во услови на војна на еден дел од територијата и во услови на раселеност на друг дел од територијата ние ќе нема да можеме со сигурност да тврдиме дека референдумот ќе биде успешен, што мислам дека само ќе го префрли и ризикот и одговорноста од нас кои сме избрани да сносиме и ризик и одговорност врз граѓаните на Република Македонија. Тоа не смееме да им го дозволиме на граѓаните на Република Македонија. Тоа се причините заради кои ние мислиме дека е непотребно да се распишува референдум.

Меѓутоа, дозволете почитувани пратеници и колеги да се изјаснам и за суштината на распишувањето на референдумот. Суштината на распишувањето на референдумот е да се отстапи од договорената содржина и договорените рокови на Рамковниот договор кој е дел од еден поширок мировен договор. Тоа значи дека ние сега се соочуваме со позиција во која потписниците на Рамковниот и на мировниот договор не можат веќе да издржат на она што го потпишаа во договорот како содржина и како рокови и бараат негово модифицирање. Ние сме сосема свесни дека со референдумот, или без референдумот неговото изигрување и неговото проблеамтизирање е можно дали на референдум, дали овде во процедура во Собранието на Република Македонија каде што треба да се гласа, особено за работи за кои се потребни 2/3 мнозинство, а има партија која самата има 46 пратеници. Не мора ризикот да се префрла на граѓаните, ризикот може да се понесе и сам и да се изгласа спротивно и 2/3 мнозинство нема да има во процедура во Парламентот. Се разбира, дека говорејќи за референдумот од предлагачите, имајќи ги предвид изјавите на лидерите и координаторите на најголемата пратеничка група во Собранието кои се многу цврсти, сосема станува јасно дека референдумот има можност во ова Собрание да помине. Ако оние кои сега се приклонуваат кон ваквата опција, мислеле тоа да го направат, времето и моментот тоа да го направат беше кога се разговараше во врска со мировниот и рамковниот договор.

Тогаш требаше да се има цврстина и да се соопшти, не, на позициите кои не можат да бидат прифатливи од некои од потписниците. Сега веќе за тоа е доцна. Уверен сум дека ако тогаш не се прифатеше позиции од рамковниот и мировниот договор и периодиката на нивното спроведување, проблемите ќе беа помали и сите ќе сфатеа дека во Македонија нема консензус. Сега проблемот е поголем, затоа што веќе воспоставениот консензус меѓу другите и консензус на македонските партии на кои некој најмногу се повикува во ова Собрание почнува да се напушта токму од тие прозивачи. Тоа треба сега јавно да се соопшти, затоа што напуштањето на рамковниот договор не е само едноставно напуштање на некои амандмани, или закони се изгласаат во Собранието, туку во суштина е напуштање на еден многу, многу сериозен политички процес во Република Македонија кој не е само политички, туку е или мировен, или немировен процес. Сегашното опструирање на спроведувањето на Рамковниот договор па макар и со вакви странични удари, мислам дека не е добро.

Шесто, исто така сме уверени дека злоупотребувањето на инстанцата референдум за било какви амандмански промени во Уставот на Република Македонија може да создаде лош преседан. Па така од сега натаму за било какви измени на Уставот на Република Македонија секогаш да се има пракса во ова Собрание да треба да се оди на референдум. Тоа е пракса за уставни промени и за големи политички промени која може да се воспостави со што би се избегнала одговорноста на оние кои се избрани. Меѓутоа, она што мислам дека е најсуштинско и од што нема да може да се избегне е следново прашање. Што ќе советуваат партиите кои се заложуваат за референдумот во моментот кога тој ако се распише ќе биде распишан. Мислам дека тоа е централното политичко прашање кое ќе следи после тоа. Што ќе советуваат партиите кои го предложија референдумот, дали ќе советуваат на граѓаните да се гласа за, или да се гла-са против. Тоа прашање исто така станува мошне сериозно и зад тоа не можеме да се сокриеме. Секој мора да биде свесен дека како политичка партија ја превзема и одговорноста и ризикот кога веќе ќе се распише, ако се распише референдум да се советува нешто на своите гласачи и симпатизери'. Ако се советува да се гласа за и со тоа на некон начин да се продолжи мировниот договор, тогаш нема потреба од тоа. Доволно е тоа да се направи и Собранието на Република Македонија во редовна процедура на измена на Уставот со амандмани. Ако се сугерира дека треба да се гласа против мировниот договор, односно против уставните амандмани, тогаш тоа исто така е непотребно. Тој кој тоа го сугерира има доволно гласови да го блокира спроведувањето на Уставот во овој Парламент и со тоа да ја прескокне мачната процедура на задскривање зад референдуми.

Почитувани пратеници, уверен сум дека работите во Македонија се народски кажано дојдени до коска. Сега веќе не е време за политички натпревар. Уверен сум дека сега веќе не е ниту време со вакви иницијативи да се опструира нешто што се потпишало и што се спроведува. Во меѓувреме се постигна согласност. Денес видовме дека дури и Уставната комисија работи на Нацрт верзијата на уставните амандмани и по мое видување како учесник во работата на Уставната комисија сосема коректно и продуктивно расправаше по уставните амандмани.

Мора да се соопшти и следново. Сега работата е веќе многу сериозна. Има една поговорка која вели дека Раволот ја однесе шегата и мислам дека е сега работа со која најмалку треба да се шегуваме е спроведување на референдум кој може да го прекине мировниот процес во Република Македонија. Ние сме свесни како СДСМ дека во овој Парламент според досегашното јавно изјаснување на политички партии, независни пратеници, или пратеници кои претставуваат една политичка партија, мнозинство за распишување на референдум е можно и тоа дефакто во Парламентот постои. Само да потсетам, владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ самата има 46 места во Парламентот. Тоа е многу блиску до мнозинството потребно за изгласување на референдум. Сега претстои и постои една опасност, опасноста е да се изгласа, или пак да се настапи како по иницијативата за измена на Уставот, сето тоа да се оспорува и на крајот како и во првата фаза за уставните амандмани тоа да се прифати, односно во овој случај да не се прифати, што би било поконструктивно.

Дозволете ми да шпекулирам малку со она што се слуша, или што се насетува. Сериозно се шпекулира дека е договорена тактика да се гласа за референдум за некакво додворување на своите гласачи. Но, во исто време од вкупно 4 6 пратеници на владеачката ВМРО-ДПМНЕ на гласа-ње да пристапат 37 до 38 пратеници, а седум-осум пратеници да не би-дат во салата од разни причини. Во такви услови референдумот

нема да биде изгласан, меѓутоа иницијативата за референдум ќе биде поддржана од ВМРО-ДПМНЕ и ќе се гласа за, а вкупниот скор ќе биде 50 до 55, 56 гласа што ќе биде недоволно за изјаснување на референдум. Тоа ќе биде можно во понатамошниот тек да се користи како ситуација во која некој бил за референдум, меѓутоа не успеал. Нашите позиции се јасни. Ние сметаме дека референдум од причините кои ги набројав претходно, не треба да се распишува. Меѓутоа, исто така ни е јасно дека ако пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сака референдум, тоа ќе го има. Така што во оваа ситуација мислам дека работите во Парламентот од позициите кои ги имаме се совршено јасни. Ако ВМРО-ДПМНЕ сака референдум, тој ќе биде изгласан. Ако ВМРО-ДПМНЕ не сака референдум, тој денес нема да биде изгласан, затоа што бројките во Парламентот се такви. Тоа во овој момент зависи од вас. Нашата позиција е јасна, ние нема да гласаме за референдум. Нашето искуство кажува дека таквата позиција до моментот на гласањето ќе мора да ја чуваме како таинствена.

На крајот почитувани пратеници, би сакал да го кажам и следново. Прашањата се многу јасни, дали да има референдум, дали да се спроведе Рамковниот договор, дали да има мир. Би сакал само да упатам на следново на секој од нас, особено оние половина пратеници кои живеат во, или граничните појаси на воените дејствија. Споредете ги сега улиците и животот и работата на граѓаните на Република Македонија, споредете ги сега во септември, во август и во јуни. Размислете за животот кој се враќа, за животот кој е на улиците и можноста што со Македонија ќе се случи во моментот ако денеска се изгласа референдумот. Ќе имаме процес по кој веќе поминавме во текот на изминатите месеци. Затоа сме убедени дека денеска е премногу ризично да се напушти зацртаниот пат за спроведување на мировниот договор и тој на некој начин да се заобиколи со распишување на референдум за прашање за кое воопшто нема потреба.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Предлагачот има право да му реплицира на господинот Никола Поповски.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Жал ми е што претседателот во овој момент претпоставувам дека е службено отсутен, бидејќи на самиот почеток сакам да му се обратам нему, заради тоа што од излагањето на колегата Поповски произлезе дека оваа иницијатива е задоцнета и дека таа каска зад Рамковниот договор чии фази веќе отпочнаа во Собранието. Можеби и може да се земе тоа во предвид, но на барањата на пратеничките групи за одржување на онаа итна седница и во континуитет без никаков одговор господинот Андов не закажа седница на која ќе произлезеше прашањето за референдум кое можеби ќе беше и пред завршувањето на Рамковниот договор во Охрид кој сега во фази го работиме во Собранието. Инаку, во име на предлагачот реплиак на точките кои што беа наведени во дискусијата на колегата и најнапред сакам да кажам дека по иницијативата за промени на Уставот која беше дадена во рамка на ова Собрание, се воздржав од гласање токму од овие причини, дадената иницијатива од пратеничката група на Нова демократија за која претседателот на Собранието не информираше дека ќе стигне на дневен ред што значеше дека не можевме да поддржиме една иницијатива кога имавме сопствена во тој момент.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМ0ВА**: (продолжение)

Во таа смисла јас сега прашувам колку се информирани граѓаните со содржината на Рамковниот договор и што ќе значи тоа како имплементација на тој договор односно вградување во рамките на Уставот на РМ, како тоа ќе се рефлектира понатаму во РМ . Дали граганите воопштс знаат во овој момент за што расправа Собранието? Рамковниот договор како таков во фазите од кои го отпочнавме ние го споменуваме само како договор на четири политички партии од Македонија, завршен во Охрид, и толку.

Значи, информираноста на граѓаните е на најнизок можен степен и тоа треба да им се овозможи или, откако отпочна првата фаза на Рамковниот договор, зошто политичките партии не најдоа сили да го приближат она што граѓаните го бараат во исто образложение, не да им налагаат дали тие да го прифатат актот, даденото решение потпишано во Охрид или пак да бараат некое друго решение за кое ние ке слушнеме.

Втората работа околу која сакам да се искажам е Законот за референдум и граѓанска иницијатива, за која колегата не спореше дека предлагачот е овластен, но од друга страна кажа каков ефект ќе има референдумот.

Значи, оваа иницијатива се заснова врз основа на член 5 од Законот за референдум и граѓанска иницијатива. Имено, тој вели дека ефередндум може да се распише

за преоценување на закони и одлуки донесени во Собранието од страна на избирачите или за изјаснување на избирачите за други прашања за кои одлучува Собранието, што значи Одлуката која ја донесе Собранието, по точката за која расправаше, односно прифаќањето на иницијативата за промена на Уставот, за која донесе Одлука Собранието, веќе иницијативата е прифатена и може да се вгради во член 5 од Законот за референдум и граѓански иницијативи.

Меѓу другото, во точките кои беа набројувани, беше спомнат и легитимитетот. Неколку зборови и за политичкиот легитимитет околу кој веројатно остана спорно прашањето имаме ли политички легитимитет или не и што би значел тогаш Рамковниот договор, ако го немаме. Значи, леги-тимитет во најопштата смисла означува втемелување на политичката власт на принципи кои се општо прифатени во рамките на една политичка заедница.

Одтука, оваа состојба секогаш претпоставува усогласеност на природата на политичкиот поредок и принципите на неговото втемелување со начинот на размислување на еден народ. Значи, политичкиот легитимитет не треба да биде спорен.

Понатаму, легитимен е тој поредок кај кој постои согласност меѓу политичката формула , а во таа смисла Рамковниот договор е само и единствено креација на политичарот и политичка формула која нам сега ни е ставена на маса во овие услови и се правда со владарскиот титулус и надзорот на народот. Значи, ние треба да дозволиме народот да го каже своето размислување. Во спротивно, тоа е безаконие, анархија, несигурност и самоволие, несигурност на власта. Состојбата на несигурните слободи и неуредените права , а правата се кај нас за сега барем уредени со актуелниот Устав, не е ни легитимно ни политичко ваквото наше однесување. Принципите на легитимитетот секогаш содржат и се одредени во идејата за заедничкиот живот во државата. Тоа подразбира дека сите ние овде сме за заеднички живот во државата. Иако политичката моќ секогаш во себе содржи ...

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Се извинувам г-ѓа Марковска пет минути поминаа, ве молам да водите сметка за времето.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА :**

Добро, јас сум при крај, во името на предлагачот сакав да ги образложам точките кои веќе беа негирани од страна на колегата.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Правото за реплика е пет минути и ве молам водете сметка за тоа.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Политичката моќ значи секогаш во себе содржи момент на сила како свое внатрешно својство на политичка историја и таа не е доволна да се здобие со послушност на оние со кои се владее. Во таа смисла велиме дека ќе има последици, на овој начин, во овие услови во кои се рпават измените последиците може да се долгорочни и тоа не сакаме да произлезе од тука. Сите ние овде сме за мир, никој не го негира договорот кој неможе да се нарече мировен, бидејќи мировен договор е договор мегу две завојувани страни. Рамковниот договор можеме да го наречеме договор за мир, но јас ги сакам аргументите за и против и кога тој мир ќе настапи и ќе се реализира во РМ.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Процедурално прво бараше збор пратеникот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас мислам дека процедуралното ќе може да се претвори во мала реплика. Кога ги спомна тие 37 пратеници, претпоставувам дека се работи и за мене. Морам јавно да демантирам дека таков договор воопшто е направен во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Бројката 46 пратеници е далеку од бројката од 61 пратеник и тоа не само што е шпекулација туку и измислица, да не кажам фатаморгана во одреден ментален склоп.

Сакам нешто друго да кажам. Имено, бројка од 61 пратеник неможеме да имаме од проста причина што вие веќе петорица пратеници од ВМРО-ВМРО ги имате "обработено", така што бројката од 61 пратеник кој може да ја изгласа одлуката за референдум е недостижна за нас. Во таа смисла, не би имал што повеќе да додадам освен дека волјата на народот очигледно во овој Парламент не ќе може да се манифестира, со тоа што одредени, за жал , македонски пратеници нема да го дадат својот сопствен глас за она што сите нас не засега.

Околу одговорите на тоа што беше поставено како теза од Г. Никола Поповски, пријавен сум како 21 дискутант. За жал, не бевме доволно брзи како пратениците од СДСМ и ПДП кои очигледно се договорија и

ги заземаа првите стартни места, така што се надевам дека на некоја од идните сеанци и седници ќе имаме можност да го кажеме тоа што е наш став и како пратеници и како политички субјекти.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ова Г. Флоровски не е процедурална интервенција.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас реков дека процедуралната интервенција ќе ја искористам во вид на реплика и ви благодарам што ми дозволивте.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Немојте друг пат да го злоупотребувата претседавачот. Јас ви давам право да зборувате процедурално , а не да реплицирате.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ви благодарам што ми дозволивте да ја искажам репликата.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Процедурално збор бара г-цата Шекеринска.

(реагирање од пратеници кои бараат реплика)

Процедуралното има преднос во однос на репликата.

Повелете г-ѓице Шекеринска.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Се надевам , потпретседателе, дека наредниот пат кога некој отворено ќе ви каже дека ќе го злоупотреби правото за процедурално, ќе му го земете правото на збор. Меѓутоа, мислам дека токму оваа атмосфера која што настанува веднаш по првата дискусија и списокот на пријавени на кој има повеќе од 30 пратеници, ни покажува дека сериозно треба да се размислува околу процедурата која ќе ја користиме во текот на оваа седница. Еве, слушам дека над 50 пратеници се јавиле да зборуваат.

Досега сме го имале ова искуство на долги листи и многу кандидати да зборуваат и ако сега не го поставиме правилото после првата дискусија, мислам дека потоа и вие и претседателот ќе ја изгубите контролата на седницата. Токму заради тоа го предлагаме следното.

Бидејќи сите, практично 50% од пратениците на ова Собрание се пријавиле да зборуваат, на секого ќе ни дојде редот. Ако одиме по оваа листа, можеби имаме шанса да ни дојде редот. Меѓутоа ако влеземе во реплики, во кои што секој ќе си го чувствува правото да зборува и во свое име и во име на својата партија, тогаш претпоставувам дека оваа листа е безначајна и тогаш сугерирајте ни да се откажеме од нашето право за пријавување и да зборуваме исклучиво преку реплики. Меѓутоа, за да не се случи тоа, предлагаме, во текот на дискусиите, реплика може да побара, како што сме практикувале и досега, само оној чие име е споменато во текот на дискусијата, а во име на партијата дека може да се јави координаторот на пратнеичката група. Ова нема да биде преседан , напротив, во текот на претходната седница направивме сериозни преседани во кои репликата беше злоупотебувана за половични или целосни дискусии. Ако сега тоа право го овозможиме, тогаш очекувам дека целата седница ќе ја претвориме во бесконечна низа на реплики.

Затоа, апелирам и до вас потпретседателе, апелирам и до претседателот кој што очигледно дел од седницата понатаму ќе ја води, да направите ред во водењето на седницата и тој ред да ни го сопштите на нас пратениците.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Само сакам да кажам дека во оваа држава и во ова Собрание сеуште го имаме Уставот и деловникот за работа на Собранието и ние ќе се придржуваме кон нив.

Процедурално, за збор се јави госпоѓата Гулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Ние можеме да се договориме во овој Парламент, со оглед на бројните пријавени дискусии, дискусиите пред почетокот на првата дискусија да ги скратиме начелно за време за кое ќе се договориме. Меѓутоа, да го суспендираме правото на реплика, што е договорено право од делов-никот што постои, со тоа што ќе кажеме кој ќе може да зборува и во чие име, апсолутно ниту се согласувам ниту пак Собранието може со никаков акт со гласање да го суспендира, од причина што немаме регуларна постапка за менување на постојниот деловник.

Според тоа, апсолутно не само јас, туку мислам дека и потпретседателот ќе се согласи со мене бидејќи тоа го спомнавте на почетокот, дека такво право да го суспендираме деловникот за работа на ова Собрание нема никој, дури ни со гласање. Меѓутоа, можеме да се договориме, бидејќи има повеќе пријавени дискутанти, времето на дискусија да го определиме да биде порационално.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ако има некоја можност натамошниот тек на дискусијата работата на Собранието,

има потреба да постои претходен меѓу политичките партии, тогаш побарајте пауза координаторите на политичките партии кои се заинтересирани за таков договор, вие меѓу вас договорете се колку би траеле дискусиите. Меѓутоа, деловникот е тој кој што е.

Процедурално, за збор се јави госпогицата Шекеринска.

(реакција на некои пратеници со зборовите "врз основа на која точка од Деловникот се повикувате")

Процедуралното има преднос пред репликата и треба да се прави разлика.

Повелете, г-ѓице Шекеринска.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Пак ќе кажам дека ваквото однесување сега во Собранието на самиот почеток на седницата покажува во што ќе влеземе ако не утврдиме барем некои базични правила на игра. Мене лично и на многу членови на пратеничката група на СДСМ во неколку наврати не ми било дозволено правото на реплика, кога сме дискутирале за интерпелација на Влада и некои други слични прашања, токму по тој основ дека никој не бил споменат во дискусија.

Во ситуацијава мислам дека тој преседан кој е направен тогаш во тек на такви седници треба да го имаме на ум и до колку вие сега одлучите дека секој кој што мисли дека се препознал дека ќе го злоупотребува правото на реплика, тогаш кажете ми, ќе се откажеме сите од листата за учество во дискусии, ќе си дискутираме преку реплики. Меѓутоа, претпоставувам дека и на вас тоа ќе ви биде потешко, претпоставувам дека и на пратениците тоа ќе им биде потешко а на јавноста повторно ќе и создадеме една слика на хаос кој што владее во ова Собрание.

Токму поради основниот дигнитет на ова Собрание, апелирам и до вас како претседавач на оваа седница, да се договорите, ако треба и со координаторите на пратеничките групи, да се договорите и со претседателот на Собранието и да почнеме според процедура која што заеднички ќа ја дефинираме.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Објавувам пауза во траење од 15 минути.

(пауза од 17,15 часот)

(Пауза од 17 часот до 18,00 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме мнозинство од вкупен број пратеници во салата.

Продолжуваме со работа.

Овде имам список на реплики.

Прво господинот Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Благодарам претседателе, пред се сакам да кажам и ова е еден вид на реплика, ја замолувам режијата која управува со камерите да покаже колкав број на присутни пратеници има од СДСМ и колку се заинтересирани за едно вакво битно прашање какво што е ова и што го наметнуваа дека е прашање за војна или мир односно нивниот координатор половина час и објаснување ако било за ќе било војна и со ова го покажуваа' својот однос, својата заинтересираност околу сето ова да се истера до крај.

Мојата реплика се однесува токму на тој човек со фризура за МБА, а во одело за политичар кој на свој начин ни објаснуваше како епизодата Мали Ѓокица (галама во салата) ако ми дозволите претседателе значи имавме прилика (претседателот ги опоменува) да ја гледаме епизодата Мали Ѓокица како го разбира светот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може без сарказам, за содржината што сакате кажете.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Да, да, претседателе, секако истиот тој г-дин ќе потсетам само во четвртокот имаше полна уста навреди кон претседателот на Собранието и против мојата пратеничка група, како ние сме опструирале, како сме правеле опструкции на работењето, како незнам што не сме пра-веле на ова Собрание, за ден потоа, да видиме дека неговиот лидер,шефот на опозицијата како што го нарекуваат бил токму тој што правел такви заговори, договори, правел опструкција на работењето на Собранието и тој не најде за овој половина час барем да се извини кон нас како пратеници или не кон нас кон Пратеничка група, кон целото Собрнаие кон граѓаните на оваа држава да се извини најдлабоко, најпонизно и да рече да, јас погрешив, сепак јас не сум знаел дека мојот лидер пред тоа правел некои договори за опструкција на работењето на ова Собрание.

Сакам да го потсетам тој г-дин дека за разлика од неговата пратнеичка група на која е координатор и каде слушаме како неговиот лидер во договор со лидерот на

ДПА прават договори како да гласаат пратнеиците и тие понизно го слушаат и го чинат, во нашата прате-ничка група имаме полн респект спрема нашиот координатор, но тој може генерално да заземе став како да се однесува пратеничката група, никако не може да ни наметне до еден како ќе гласаме. Така што неговите весели математики како ќе гласала нашата пратнеичка група воопшто не држи вода и изнесе еден куп невистини ги крсти шпекулации и јас би сакал исто така да прашам за некои шпекулации дали е точно од некои мои извори дека постои исто таков договор што го читавме во петокот меѓу неговиот лидер и еден друг лидер односно г-Ахмети ако во случај помине позитивно ако се изјасни ова Собрание за референдумот дека ќе се случат голем број на терористички напади на витални објекти во гланвиот град и второ, дали е точно тоа што се зборува, таа шпекулација дека неслучајно неговиот лидер имаше голем број на предлози и тоа мислам дека беше прифатено да се продолжат преговорите во Тетово.

Сега, откако беше прифатено,неколку дена односно два дена откако беше прифатено да продолжат договорите во Тетово ни се случи Карпалак во кој во подмолна заседа загинаа десет македонски војници, а два дена потоа беа најдени околу 300 килограми експлозив, динамит ТНТ, или незнам што кои биле наменети да го прекинат тој патен правец и ако е тоа темпирано во даден момент кога некое возило ќе поминело таму, да биде дигнато во воздух. Би сакал таа шпекулација г-динот, би го замолил да ја потврди за точна или неточна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се пријавени, Златко Стојменов - не е тука.

Ненад Ристовски - не е тука.

Сејфедин Харуни - се откажува.

Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници пред паузата еден од говорниците кажа дека ставот на ВМРО-Вистинска е да се изјасни против референдумот. Јас од членовите на Партијата од архивата добив заклучок и сакам пред пратениците и македонската јавност да го прс читам заклучокот на ВМРО Вистинска од Централниот комитет донесен на 14 јули 2001 година, кој е дециден и прецизен.

Секој од пратнеиците на ВМрО-Вистинска може да кажува свој став како ќе гласа ставот на партијата , на високиот орган на партијата е следниот:

"Согласно член 17 од статутот на ВМРО Вистинска Централниот комитет на својата Осма седница одржана на 14 јули 2001 година го донесе следниот заклучок против најавените измени на Уставот на Репуб-лика Македонија.

ВМРО Вистинска смета дека Уставот на Република Македонија поседува највисоки граѓански и цивилизациски вредности и е прифатен од сите релевантни меѓународни институции, па според тоа, најавените измени на Уставот на Република Македонија без претходно референдумско изјаснуваше на граѓаните, претставува невидена дрскос и предавство на националните интереси на Република Македонија од страна на подржувачите на таквата идеја .

Јас бев должен да го прочитам ставот на ВМРО-Вистинска, а секој од пратениците по своја одлука може да се изјасни како сака, меѓутоа, највисокиот орган ја има донесено оваа одлука.

(дискусијата беше пропратена со аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега г-динот Гештаковски има збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Благодарам господине претседателе, почитувани колеги јас би сакал на почетокот да искажам дека во дадениот момент Репоублика Македонија се наоѓа во една од најтешките состојби од досегашната историја, тоа е констатирано и во претходните расправи. Република Македенија се наоѓа пред своето најголемо искушение во својата историја.

Господа пратеници, пред овој парламент пред нас пратениците постои огромна одговорност, постои одговорност за македонскиот народ, постои одговорност за македонската држава, постои одговорност откако постои Македонија за век и веков. Во такви околности кој на сите ни се познати што ни се случува, најмалку сакам да ги набројувам, интегритетот, суверенитетот, граѓаните, загриженоста, раселените оние кои го дадоа својот живот, и на едно укажување на ставот од одредена пратнеичка група на СДСМ кој беше јасен, гласен, конзистентен во сво-ето настапување, со своите програми, доследен чесен македонски, она што го кажал лидерот

во договор со партијата, во договор со највисоките органи на нашата партија која расправала, јавноста е запознаена и ништо не менуваме.

Координаторот го искажа тој став и ние пратениците го подержуваме тој став бидјеќи е донесен во една демократска форма. На-еднаш на тој став се нафрлуваат одредени пратеници од спротивната, викам од спротивната страна, цело време зборуваме за македонско национално единство, за единство на сите пратеници, на сите граѓани во Република Македонија. Не е време за мподметнување, не е време за играње на ситни игри, не е време, сметам дека не е време за ситни игри, бидјеки се работи за нешто најсветото, тоа е државата, тоа е народот , тоа се граѓаните. Мислам дека и на граѓаните не им доликува овој однос и претходните расправи што ни претстојат големи и крупни работи кои ние треба да ги решиме, ке се обидасм да кажам дека тоа е наше право преку овие идеи.

Господа пратеници овој парламент се наоѓа во втората фаза или што би рекол во средина на расправата за промена на Уставот на Република Македонија. Денеска Уставната комисија сите знаеме еден одреден дел врз основа на стручна расправа даде свое мислење, ќе го видиме, никого не го задолжува, ќе расправаме најдемократски во тој дел и во тој контекст на легитимен предлог на претседателот на државата за Предлог на промена на Уставот н ие на денешната седница имаме една точка тоа е прашањето за распишување на референдум односно имаме две точки, имаме две прашања за распишување на референдум, бидејќи втората точка е прашање за распишување на референдум со слични или модифицирани прашања во делот на референдумот.

Господа пратеници може би има уште 118 колку што има пратеници прашања и во тој дел сите ќе се изјасниме по своите убедувања. Интересно е нема трето прашање кое би требало да биде она што одреден број колеги, бидјеќи јас морам да кажам подолг период сум во овој парламент, кои заговараа на членот 2, што во овој парламент исто така се водеше демократска во тој период 19 90-1994 година, за изградба на конститутивниот акт на Република Македонија тоа е Уставот, голем број на колеги пратеници тогаш кои истакнуваа за темелните промени особено за членот 2 не гледам такво прашање за народот на Републиката, граѓаните да се изјаснат.Ако го напишеме третото прашање што сите во основа, а и јас може би го осеќам и го сакам, а голем број на пратеници овде кои беа и во прវиот парламент, има документација, има архива, има амандманн денови и денови, но сега го нема. Во тој дел се јавуваат како бранител многу интересно, дбро е човекот да се менува со тек на развој со тек на развој на демократските размислувања, сознанија, читања, може да се менува и тоа е чесно и човечки е, да се свати да не бара и програмски и човечки, но тоа го нема, во основа сите сме ние и патриоти, ја сакаме својата држава, но тие прашања ги нема.

Сметам дека референдумот на сите ни е јасно е еден од најдемократските форми на изјаснување на граѓаните, на облиците на непосредната демократија и тој е легитимен и легален и нема никаква дилема за овој предлог дури сакам да кажам дека не е иницијатива, туку е предлог одлука за референдум е најлегитимна и најлегална. Предлогот на одлуката за референдумот може да се стави на дневен ред по барање и на еден пратеник. Видете колку е тежината, сакам од тој аспект, да не зборувам за предметот на референдумот. Додека за интерпелација треба пет пратеници за избор на претседател на Собранието треба 20 пратнеици, 1 пратеник може да поднесе прашање за референдум.

Исто така, во постапката по ова точка од дневиот ред го имаме мислењето на Владата, што Владата согласно законот за Влада е должна да дава мислење. Дури немаме едно мислење од Владата имаме две мислења од Владата, тука е претседателот, тука се стручните служби по барањето за референдум имаме две мислења од Владата со две писма или барања, но видете Владата на овој парламент му држи правна лекција за референдумот како се распишувал референдумот, каква била демократска форма на изјаснување, што било речено во Законот за референдум, што било во Уставот точно распишување одлука со повеќе од половина од пратениците во Парламентот, Владата е должна да даде, ова е политички момент особено за ова прашање да даде мислење што мисли Владата за Предлогот односно за двата предлози за распишување на референдум. Со криење зад институциите ништо не можеме да решиме. Владата на РМ, Владата на политичко единство дава такво мислење, тоа е нејзино право, но тоа не е мислење за прашањето мислам најважното прашање за Република Македонија. Не е тоа, тоа е задскривање на Владата во која има од сите политички партии и затоа имаме такви недоразбирања во овој парламент. Владата

на една држава треба да заземе јасен, прецизен, концизен став по секое прашање. Таа не го зазеде продолжуваме и понатаму.

Господа, не е голем изум во развој на демократијата да се прашува народот, референдумот и да се поднесе тоа барање. Ние како категорија го имаме референдумот. Во таа смисла имаше одредени правни гледања за референдумот, па би сакал да ги коментирам да ги разјасниме што значи, бидејќи има одредени тврдења, доколку народот не се изјасни ќе имаме цели, претходниот колега заклучокот, кој не ќе прифати референдум ќе биде осуден, казнет, дури до закана.

Во Уставот на Репбулика Македонија во членот 2 се вели: "Во Република Македонија Суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните .

Граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници, тоа е Собранието на Република Македонија, Владата на РМ, и другите институции по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснуваше".

Значи, суверенитетот се пренесува на легитимно избраните претставници по пат на непосредни форми на одлучување и затоа тука сакам да укажам затоа во Уставот на Репоублика Македонија има неколку видови на референдуми, она што не може граѓанинот да му го пренесе на легално избраните претставници во Уставот е регулирано - референдум, задолжително се распишува за две работи.

Тоа е доколку Репбуликата - државата стапува или истапува од Сојуз и доколку државата носи одлука за промена на границите.Тука нема дилеми, тука нема мислење, тука е здолжително.Тоа е она што треба задолжително граѓаните на Република Македонија да се изјаснат.

Постојат други форми на референдум, како што е еден од предлагачите кој зборува за законодавен референдум и тука има одредени дилеми во правната и теорија и пракса особено на членот 73 за задолжителното, точно е Уставот во членот 73 зборува, но Законот за референдум го доработува тоа прашаше што е основа на еден закон и го разработува. Имаме консултативен референдум кој од предлагачите на една предлог одлука, барем слушнавме одредени изјави што би биле подготвени да го преиначат  на законски референдум кој се распишува како претходен референдум за одредени закони кои парламентот треба да ги носи и дури може да се донесува дополнителен за донесени закони, нема никаква дилема што значи и за донесен закон доколку граѓаните одлучат со потребното мнозинство, парламентот ќе ја измени таа одлука.

Постои уште еден вид на референдум како што е овој референдум, тоа е Парламентот да одлучува за прашања од својата надлежност и морам тука да кажам дека одредбите што се однесуваат на законскиот референдум се однесуваат и на овој референдум.

Не би сакал да зборувам што значи во теоријата, бидејќи многу колеги ќе објаснуваат и  сакаат да објаснат што значи во теоријата непосредното изјаснување и највисокиот облик тоа е референдумот тоа ке го оставам мислам дека сите го знаат и на сите им е јансо.

Овде основното прашање пред овој парламент што сметам и ја тоа е прашањето што сакаме со референдумот или што ќе постигнеме со референдумот. Ако го прашаме народот или ако не го прашаме народот иако мислам дека е тоа исклучива надлежност, по мое гледање иако не е никаков спор но да се праша народот, но не е  задолжително.Или со ова расправа каде беше истакнато со поставување на прашањата за референдум со најчесните намери сакаме да се вратиме на расправата пред се беше кажано и одредени предлагачи бидејќи мислам дека другите предлагачи по втората точка не ги слушнавме, сакам да се вратиме на рамковниот договор односно на Анексот А од тој раммковен договор и да отвориме расправа, пак се враќаме на почетокот, ја отвораме расправата за промена на Уставот која тече, која на утрешната седница треба да го утврдуваме текстот на нацртот на амандманите.И тука од аспект имаме одредено преплетување, но правно е јасно и чисто во делот на расчистување на односите и тука не би требало да навлегуваме.Односно сметам дека се сведуваме и на прашањето и од претходните дискутанти кои реплицираа, бараа реплики, сакаа да учествуваат, се враќам на она прашање, кое најмалку сега во овој период е важно за Република Македонија.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**: (Продолжение)

Кој и го направи ова на Република Македонија? Кој ја донесе Република Македонија до ова дереџе. Тоа прашање се обидовме, иако би сакал од оваа говорница да истакнам дека еден од првите говорници по Предлогот за измена на Уставот, господинот Бранко Црвенковски даде напатствија и да не навлегуваме во таа тема. Да не навлегуваме во таа тема барем во овој момент, во овие тешки моменти за Република Македонија, но одредени пратеници кои се залагаат за политичко единство, дури и македонските пратеници навлегоа токму во тој дел. Навлегоа во тој дел и ја отворивме таа расправа. Сега тука мораме да објасниме некои работи.

Јас сметам дека оние кои генерираа криза во Република Македонија немајќи капацитет да ја решат таа криза, а тоа е јасно, јасно е на сите дека немаше капацитет коалицијата која беше на власт да ја реши кризата во која ја доведе Република Македонија и затоа побара вклучување на сите политички сили, парламентарни и вонпарламентарни, ако не е точно се понуди помош од оние кои што се сметаа способни и можеа оберучки со отворени очи и уста беше прифатена. И се формира Влада на политичко единство. Да, можеби почитувани колеги координатори на ВМРО, може тоа е полошо но за да има клучното прашање македонско политичко единство треба да има луѓе кои ќе разговараат за тие платформи, треба да имаат почитување на платформите. Неможе да има луѓе за македонско политичко национално единство кои потпишуваат еден договор а од друга страна тој договоро не го признаваат. Знаете како не гледаат во меѓународната заедница. Знаете како не гледаат. Не не натераа да потпишеме таков договор, не притискаа од свој агол, ние ги викавме, тоа е проблемот и на овој Парламент и на ова политичко национално единство. Неможе така да функционира, неможе без платформа да функционира. Мислам дека тоа е вистината и тоа е реалноста.

Би сакал да зборувам со факти и ќе ги слушнам другите. Централното прашање е што се случи во Република Македонија. Не велам по шест години, велам по 10 години стабилност, релативна, опстојување пред многубројните предизвици. Не е ова единствен. Македонија имаше многу предизвици од 1990 година. Одеднаш да се случи војна, да се побараат коренити уставни промени, да се актуелизира распад на Република Македонија да се побара размена на територии и на население. Тоа нешто се случи. А да се случи оваа работа треба да се гради држава. Република Македонија за да се изгради како цврста држава требаше да се почитуваат два основни принципи кои не беа почитувани, а тие се многу важни.

- Да има добро организирани стручни компетентни институции. Тоа е основното на една држава.

Вториот услов е власта односно Владата да има демократски и реформски капацитети.Тие се два услови кои требаше да се почитуваат минимално, за да не дојдеме до оваа состојба.

Не ми е лесно, тешко ми е да го кажувам но ова се факти и ова што и се случува на Република Македонија е резултат на неисполнетите два претходно наведени услови, а наедно е завршен и дел од проек-тот што го почна пред две ипол години коалицијата за промени и тоа составена од ВМРО-ДПМНЕ, од Демократската алтернатива и на кое владино мнозинство и се придружи ДПА-НДП, господинот Џафери, а подоцна во тој период местото на Демократската алтернатива го заседе Либералната партија на чело со господинот Андов.

На првата коалција може ќе се сеќаваме што беше предизборниот слоган радикален дискуниутет на се што беше пред тоа.

Владата уште на стартот покажа голема некомпетентност, отсуство на демократски и реформски капацитет. Почна да се занимава со партизација на институциите во вертикала и хоризонтала и Владата почна да се занимава со самата себе. Со остварување на партиски национални и бизнис интереси на партиските структури. Како резултат на тоа вие сте сведоци за кусо време институциите беа разнебитени, а државата Република Македонија почна да пропаѓа. Додека за залажување на домашната и на меѓународната јавност беа лансирани три тези кои добро ви се познати и кои сите ги цитиравте во овој Парламент.

Прво, релаксирани меѓунационални односи во Република Македонија. Понос за Република Македонија, што можеби беше така и така ги гледавте, но треба да се гледаат во континуитет и историјата е мајка на знаењето, но треба време.

Позитивна енергија со соседите и евроатланска интеграција со реформи. Малку би сакал да го коментирам овој дел.

Тоа е, меѓународната јавност која беше основниот принцип на таа влада е евроатланска интеграција и се сеќавате сега што се зборува во меѓународната јавност и во меѓународните институции.

Исто така, што е многу жално и тажно Владата на Љубчо Георгиевски, Владата на Џафери и Владата на господинот Тупурковски егзистираше врз функционална распределба на надлежностите, но многу ми е жал, на распределба и на териториите. Тоа е она клучното што таа Влада бараше и распределба и поделба и на териториите во Република Македонија. Вие се сеќавате на одредени изјави кои не би сакал тука да ги цитирам.

ВМРО-ДПМНЕ особено го интересираа власта и институциите кои треба да бидат ставени во функција на неговиот интерес и на партијата. Беа особено заинтересирани за бизнисите на нивното партиско членство и раководство што во основа се покажа и дојде до одреден нивни самит на одредени конгресни или слични собири и дојде до распад или разделување во самата партија. Во основа сметам дека тоа се нивни ставови, изнесени на прес конференција. Додека господинот Џафери покрај бизнисите кои беа поделени издејствува во западните делови на земјата да функционираат неговите партиски а не државни институции. Да, тоа е судбината на Македонија. Бранко Црвенковски се слуша,но се слуша за да излезе од оваа состојба и да ја реши оваа состојба за иднината. Да, и тоа не го негира. Но, господа, сето ова можеби нервира, но е реално. Сево ова што се пропагираше оваа криза го разгоре. Вие самите сега сте свесни дека ова е разголено. Излезе на површина. Нема криење. Тоа е основното.

Точно, во целата оваа приказна која е тешка, мачна, за патот за пропаѓање на државата Република Македонија и на македонското национално достоинство незаобиколени се и тројца јунаци во македонското национално ткиво. Тоа е господинот Георгиевски, господинот Тупурковски и делумно господинот Андов.

Господа, почесно е да се каже не сме за Рамковниот договор, не сме за промени на Уставот. Кажа некој тука дека Уставот на Република Македонија не е генератор на кризата. Тој е добра рамка. Со тешки маки пратеничката група во првиот состав на СДСМ го донесе.

(Реагирање од место на пратениците од ПДП) Да, тоа е точно, но ова јас што го кажувам вие кажувате не беше идеален шестгодишниот период на СДСМ. Беше исполнет со падови, со успони, но владеењето на СДСМ во Република Македонија ја одржа Република Македонија, го одржа територијалниот интегритет и суверенитет, го одржа мирот и градеше, во времето на СДСМ и кога оваа коалиција дојде на власт зборувавме за вработување. Дали е 30, или 40 тешко е, зборувавме за инвестиции. Господа пратеници во овој Парламент одамна немаме говорено за тие теми.

Државјанствата кои нас ни ги стававме и за тоа со една реченица би сакал да кажам.ВМРО-ДПМНЕ смета дека уште е опозиција и често се однесува како опозиција. Господо, вие имате министер за внатрешни работи. Министерот за внатрешни работи пред овој Парламент нека поднесе информација тоа може да го направи за пет минути од стручните служби во периодот кој беше после Владата на експерти Никола Кљусев, за времето на владеењето на СДСМ колку државјанства се дадени во Република Македонија. Најлесно, без проблеми тогаш ќе носите одговорност.Тогаш ке формираме анкетна комисија дали се исполнети условите, не се исполнети, тоа што го кажувате се шпекулации и затоа не нудите докази и аргументи. Чисти шпекулации. Ние ќе сносиме одговорност ако ни покажете овде лист да, со имиња македонци, албанци, дојдени од Косово, неродени, многу документи се нудеа,понудете ни го тој документ ние од оваа говорница нема да зборуваме. Ние ќе ја наведнеме главата и ќе кажеме да, покрај другите грешки таа е најголемата грешка и ќеречеме дури тие луѓе, токму тие луѓе не би сакал да ги кажувам цифрите. Но тој факт презентирајте го пред овој Парламент. Тие луѓе што му ги дале, тие луѓе се во УЧК, токму тие се. Побарајте, имате власт, за текот на оваа седница дајте го тој доказ.

Господа,кажете отворено дека решението на проблемот односно на кризата во оваа тешка состојба која е во Република Македонија ќе го бараме со други средства и како политички сили ќе ја земете одговорноста пред македонскиот народ. Единствено пратеникот Филип Петровски, чесно кажува како замислува поинаку освен решението во Рамковниот договор. Чесно е, тој си го кажа својот дел и тука не би имал ништо ни да коментирам. Тоа е негово мислење, негово мислење негово размислување, но дајте го другото решение освен Рамковниот документ. Иако е потпишан, знаете се се движи. Овој Устав беше предавнички, кој го донесе првиот

Парламент. Да, беше предавнички, се сеќавате, сега е Устав го гарантира територијалниот интегритет, суверенитетот. Не зборувам за моментот во кој се вршат овие уставни промени, најмалку би сакал да зборувам за она што значи тероризам, за она што значат правата. За тоа зборуваат повеќе. Тоа е основната нивна одговорност. Тоа е основниот дел на незадоволствата на тој дел од македонското население. Но тој дел, причините ние што сме дозволиле, секоја власт си ја брани својата, нема дилеми и кај мене лично секој ќе бара можност и повеќе и повеќе права. Никој не е задоволен. Начинот на кој ги бара тие права се осудува. Во секој случај ги осудуваме, но институциите на државата самата држава треба да ги брани. Да ги брани своите граѓани. Ние не ги одбранивме. Треба отворено, јасно да кажеме дека ние не ги одбранивме граѓаните на Република Македонија, дали претходната Влада и сега Владата на политичкото единство, но затоа се прават напори.

Ова е едно од решенијата. Најмалку би сакал да верувам дека сака да се одложи. Со овие иницијативи за референдум најмалку би сакал да верувам дека само се сака да се одложат решенијата и да се дава лажна надеж, а Македонија да се турне во уште поголема криза.

Централното прашање е да се праша народот, а уставната надлежност на овие функционери, на овие пратеници ја избегнуваме. Одговорноста ја пренесуваме на народот, да се праша народот. Народот зависи како го прашуваш и во кој момент го прашуваш, но никогаш не треба да се потцени народот. Но, ова се други услови на Република Македонија. Народот го пренел легитимитетот на овие пратеници машки чесно реално треба да одлучат и да застанат и да ја носат одговорноста. Сме за Рамковен договор или не сме. Сме за промена на Уставот или не сме? Станете кажете. Кажете дека не сте. Вие едно кажувате, а друго гласавте за Предлогот за донесување на Уставот.

Со изборот на решението се носат и последиците. Тука нема дилема. И ние како пратеници, и јас лично, и Пратеничката група ги носиме последиците. Тие последици ќе не пратат, ќе се анализираат, но најдобро е...

(Реагирање на пратеничката Гулистана Марковска од место)

Да, ама секој реално и чесно треба да се определи за прашањето на референдумот, за прашањето за судбината на Република Македонија и нема место колешке Гулистана, која ми се обраќаш, претседателе ве молам интервенирајте од место ми се обраќаат, нема место госпоѓо Гулистана за политички игри и сопки. Нема место за подметнување во оваа работа за Република Македонија, затоа што сите тие игри, сите тие единства многу потешко го прават решението за излез. Многу потешко и многу посложено. Може да е едноставно, но да го решиме тоа прашање, зборуваше и нашиот координатор во однос на распоредот на силите.

Знаете, демократијата е мнозинство на еден глас. Тоа е јасно на сите. Оној што го има Парламентот, што го има мнозинството, независно кој е, тој одлучува, тој ја зема одговорноста. Но, во случајот другиот дел на Парламентот треба да укаже. Затоа пред се свесни за одговорноста и свесни за тешкотиииите што ги нудат решнијата во Рамковниот договор за промена на Уставот, бидејќи господа пратеници Рамковниот договор дава надеж. Дава надеж за развој на Македонија сите кои ја сакаме, но не таа Македонија која беше до да не речам пред две години која беше пред 6 месци. Оваа Македонија не е таа Македонија. Оваа Македонија е вратена не 50, 60, 70 години. Во оваа Македонија има два света кои многу тешко ќе можат, но со сите тие тешкотии, со сите тие решенија Рамковниот договор и уставните промени, имплементацијата на Рамковниот договор не трпи како претходно прашање распишување на референдум. Не трпи затоа што референдумот како најдемократска форма треба да поминат 60 до е0 дена.

Факторот време, вие сте свесни и сите сме свесни, НАТО силите на 26 ако го известат претседателот дека го собрале оружјето заминуваат. Не треба да се игра на факторот време, да се злоупотребува, затоа што некој тој тајминг имплементација го потпишал. Не не натераа луѓето. Тие ги почитуваат нашите законски норми , тие кажаа предлог за измена на Уставот, треба да поминат десет дена, па втората фаза, се се почитуваше. Затоа бидејќи Рамковниот договор барем за мене дава надеж за Македонија да ја гледаме онаква каква што сите ја сакаме јас ќе гласам против одржувањето на референдум во овие услови и во ваква положба на Република Македонија, а сметам можеби грешиме тоа е во интерес на граганите на Република Македонија со целокупниот ризик што стои зад тој Рамковен договор за имплементација. Ако не бидеме единствени ништо нема од спроведувањето.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Најпрво би сакал да им одговорам на колегата Гештаквоски по однос на тоа што ме промовираше, по којзнае кој пат за генератиро на кризата во РМ, односно дека ВМРО-ДПМНЕ е генератор на кризата во РМ.

Колку што се сеќавам, а сите не држи паметењето, тоа не се случуваше којзнае колку далеку во минатото, дек атокму партијата на која припаѓаше г-динот Гештаковски односно СДСМ, перманентно го рушеше политичкиот систем во државата на следниве начини:

Најпрво, не ја признаваше институцијата претседател на државата.

Потоа се обиде да ги прогласи локалните избори за своевиден референдум за предвремени парламентарни избори. Потоа, се обиде да создаде ново парламентарно мнозинство за да ја сруши актуелната влада на г-динот Љубчо Георгиевски. На крај, генерирањето кулминираше со рушење на безбедносниот систем на државата преку промовирање на аферата прислушкување. Значи, генератори на кризата во РМ , ако не стопосто, ама блиску до тој процент се токму социјал демократите.

Второ, втора работа, за немањето капацитет на оваа Влада, на Владата на г-динот Георгиевски да се справи со кризата и дека г-динот Љупчо Георгиевски се обратил за помош до СДС да влезат и они во Владата, па како заеднички, со заеднички сили да се излезе од таа работа. Не е точно тоа. За волја на вистината, да го употребам тој израз, токму идејата за создавање владина широка коалиција произлезе од СДС и од лидерот на СДС, г-динот Бранко Црвенковски. Но, за жал нивната добра намера божем да помогнат во решавање на кризата се претвори претвори во целосна опструкција и не функционирање на актуелната влада, На сегашната актиуелна влада. Не би сакал повеќе да полимизирам, ова е само за тие прашања што ги загатна г-динот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Тоа што Гештаковски го презентираше може да се подели во три дела. Вовед и финале, тоа што е точка на дневен ред, а главницата, таканаречена втора фаза, она што СДСМ го говори во последниве три години во електронските и пишаниот медиуми, се разбира кои припаѓаат на нивната партија, кои се блиски на нивната партија.

Што е тоа што успеав да го набележам, на некој начин се вергла последниве три години и не беше туѓо во излагањето на г-динот Гештаквоски, што на некој начин би требало да се обрне внимание, како точки битни да се спомнат и нели е во контекст на она што го говореше во онаа втора фаза, а беше најмногу споменувано и содржано.

Околу македонското национално малцинство. Да не навлегуваме од каде идејата за таа широка коалиција , ако не се лажам прво се појави во медиумите кои се блиски до СДС, и на некој начин таа идеја заживеа можеби во одредени кругови на ВМРО-ДПМНЕ, пред се кај мене како Флоровски Александар , како пратеник , член на Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, на крај како македонец. Имајки ја во предвид состојбата во која се наоѓаме во периодот после настаните во Танушевци. Евејавно ќе признам дека бев првиот човек кој стана на Централниот комитет, и кој јавно застана зад една идеја и подавање рака на СДС. Е не ми е срам тоа да го обелоденам и јавно да го кажам ,се со единствена цел мислејки дека во СДСМ ќе најдеме вистински партнери, македонци кои со заеднички сили ќе застанат на бариерата и во одбраната на македонската држава. Очигледно дека сум се пресметал, ако направам анализа на настаните во последниве 6 месеци ,каде СДСМ партиципира со свои министри.

Да ви посочам неколку примери. Кога се работи за македонското национално единство за кое целосно би застанал и би ги ставил двете раце, кога се во интерес националните интереси на македонскиот народ. Владата што сега функционира, пред се на министрите СДСМ, можам да кажам дека се најмалку кооперативни, дека работат на своја рака, т.е. не на своја рака туку работат она што значи партиска заложба на СДСМ. Тука пред се мислам на Владо Бучковски како министер за одбрана и министерот за надворешни работи кои, апсолутно никогаш не се консултираат за постапките во Владата со премиерот на РМ, г-динот Георгиевски. Ако ги земеме за репер или показател тие двајца министри, ќе видиме за кое национално единство вие се залагате. Доколку не верувате, можете слободно да се обратите до вашите министри кои, сигурно дека ќе ви се

пофалат дека тие воопшто не го сметаат Љупчо Георгиевски како премиер на РМ. Тоа е факт, тоа е вистина. Едноставно, работите на своја рака и тој кој мисли дека е добро за вашата партија, тоа го правите преку вашите министри. Толку за тоа на тоа македонско национално единство.

Втора работа што провејува подолг период и пласирана преку вашите електронски и печатени медиуми, а за кои г-динот Гештаковски...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Времето за реплика ви изминува,

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Еве две минути ако ми дозволите г-дине претседателе. Мислам дек амногу пати, да не кажам, сте го прекршиле ако може така да се каже Деловникот сте дозволиле да говорат повеќе, дозволете ми и мене. Две-три миниути.

Говорите за бизнис зделки.Може такви постојат. Времето ќе каже. Тие ќе бидат земени на одговорност. Но, кога зборуваме за сомнителен бизнис, специјално г-дине Гештаковски да не мислите на вашето седуммесечно директорување на "Телеком". Ако сме чесни и отворени мора да говориме за одредени нечесни дијанија и во оваа власт, Меѓутоа и за периодот на вашето директорување, на периодот од вашето владеење од 6 години. Тука мислам и на СДСМ и на ПДП. Не бегаме и ние од таа одговорност како ВМРО-ДПМНЕ дека постои.

Знаете што најмногу мразам во животот, кога некој човек на друг му се улизува, му се потпикува, му влегува под нокти. Тоа ми е секогаш туѓо. Но, имам впечаток дека многу од пратениците на СДСМ едноставно сакаат на Црвенковски да му влезат под кожа. Знаете, делува многу дегутантно. Знам, истото се случува и кај нас. Претпоставувам дека можеби е генетски тоа кај македонскиот народ. Кај Мене тоа Не е својствено. Знаете ли што коментира македонскито народ? Дека Црвенковски сака да биде прв, макар и во поделана Макаоднија , да не каже макар и во Дебар Маало, да биде прв , кога Ќе помине да кажат, тоа го Вели макеоднскито народ. Можеби на во Ресен. Во Скопје како поголем Центар, неоптоварен од иделопоклонство. Очигледно Дека македонскиот народ Не греши во тоа.

Треба господо отворано да се соочите дали сте за волјата на макеоднскиот народ или не сте. Зошто ова го говорам. Едноставно ги слушам македонците што сакаат...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Готово, завршувајта.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

... Бараат референдум.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам времето истаче.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Уште на ова да одговорам ако може...

(Реакции во салата)

Но машки, отворено кажувам дали сме за Рамковен договор или не. Сакам на тоа прашање да одговорам. Тоа прашање ќе имате шанса да го видите откако ќе заври расправата. Чинот на гласањето...

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа Ќе добиате збор. Сега готово.

**АЛЕКСАНДАР ФЛРООВСКИ:**

Околу генераторот на кризата дека е ВМРО-ДПМНЕ, можеби не сме ни ние криви, ниту вие. За жал, од 1945 година до 1990 година некој Македонија ја прогласи за отворена земја за сите народи, освен макеоднците...

(Претседателот предупредува со ѕвончето, со зборовите дека времето за реплика е истечено)

Јас се извинувам г-дине претседателе, еве ќе ја напуштам говорницава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

После ќе добиете збор кога ќе ви дојде редот.

Се јави г-дин Јованов. Секој како се јавил за реплика ќе добие збор.

Има збор г-динот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Благодарам.

Ова е реплика на г-динот Гештаквоски, на неговото излагање.

Сакам да појаснам некои работи.

Го спомна коалицирањето 1998 година и мислам дека има некој некоректен начин, од проста причина што коалицирањето е нормален природен процес не само во политичкиот живот, туку тоа е облик на партнерство што се јавува во сите сфери на живеењето на луѓето.

И тоа, како што и самите го велат во последно време, затоа што тие влегоа во коалиција, со најдобра намера.

Верувајте , и ние влеговме со најдобра намера 1998 година.

Околу прашањето зошто Коалицијата за промени дојде на валст, како дојде на власт, само да потсетам на нивните зборови ушет на парламентарните избори 1998 година, кога велеа дека граѓаните не гласале за Коалицијата за промени, туку гласале против СДСМ. Според тоа , логиката кој ја донесе коалицијата на валст е сосема јасна.

Понатаму, сакам да кажам дека право е на секој партнер кога се воспоставува Некој партнерски однос, како што е коалицирањето, да ги преиспита своите ставови. И , кога ќе утврдите, што се однесува до политичкото коалицирање во РМ, кога *ќе* утврдите дека по прашањето на реформите и развојот се разидувате, чесно и коректно е да излезете од коалиција. Ние, тоа и го сторивме после две години, што на Некој начин е своевиден политички чин. Точно е дека тоа се одрази и на самата партија внатре, бидејки има некои луѓе кои имале поинакви идеи и се издвоија од нашата партија.

Прашањето на поделба на територии за мене е апсолутно срамно бидејки јас повикувам да ми цитираат факти во какво тоа учество на територии, ние сме учествувале, а околу кадровските коминиторики, само да потсетам, широката коалициона влада сеуште се бави со кадровските прашања на сите нивоа. Значи, тоа е болка на сите коалиции, на секоај власт во РМ. Јас мислам дека овој Парламент еднаш треба да донесе закон со што ќе ги лимитира нивоата на промени на функционери во зависност од тоа кој Ќе ја добие власта.

Дека не функционирате како влада е сосема јасно и од изјавите на вашите министри, потпретседатлот на Владата и т.н. кога зборува за начинот на комуникација и не комуникација со премиерот, министерот за одбран асо министерот за внатрешни работи и т.н. и т.н. Значи, не функционирате. Според тоа, кога ние не функционираме, излеговме од коалиција. Повелете, излезете од коалицијата и тогаш ќе разговараме на рамноправен начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Сметам дека во најмала рака , ако можам да употребам таков збор, е безобразно прашањето на референдумот да се сведува на некакво додворување кон нашите гласачи или на подмитување и рушење на мировниот процес. Овде само ги цитирав зборовите што ги слушнав.

Мене ми е јасно дека на претставниците на СДСМ им е тешко да кажат македонски народе, граѓани на Македонија, ние не сме тука заради вас, туку сме тука заради самите нас. Во овој момент важно ни е да го промениме Уставот и тоа што поскоро заради тоа што коалицијата нова е навалена, заради тоа што треба што поскоро да се вратиме на валст, а при тоа на прашањето за референдумот, еве успешно ќе ве спроведеме, ќе ви кажеме што направија претходниците пред анс, ако не бевме ние. Па, притоа ќе се повикаат дека Владата на широка коалиција е направена по наше барање поради тоа што ние сме биле не способни, не мудри и едне куп зборови што беа речени , како да се работи во овој момент за интерпелација на една влада чиј што мандат одамна е поминат, а ќе заборават дека иницијатори на правењето на Владата на широка коалиција беа токму тие , а не претходната власт.

Второ прашање, мене ми е јасно дека за прашањето на референдумот, како најдемократска форма што постои секаде во светот, па вклучително и во Макеоднија, можат да кажат се, па и нас да не прогласат дека го рушиме мировниот и рамковниот процес. Но, само ќе кажам, дами и господа ние не го рушиме рамковниот процес, ние не ги рушиме уставните измени. Напротив, ние гласавме во огромен процент да почне процедурата за промена на Уставот на РМ. Меѓутоа, она што ние го бараме , а тоа го бараме затоа то чувствуваме не само морална туку секаква одговорност, па ако сакате и историска, заради тоа што треба да промениме една третина од нашиот Устав, не пред нашите гласачи таму само , туку пред сите македонски граѓани да ги прашаме, да ни дадат морална подршка за промената на Уставот и да ни кажат дека тоа што ние го работиме во овој момент е исправно. Не за да го нарушиме Рамковниот договор или, недај Боже да донесеме војна во РМ.

Според тоа, барањето подршка кај макеоднскито народ и кај сите граѓани не може да биде прашање на војна и мир, а референдумот беше и останува единствена и најдемократска форма на изјаснување,

единствена форма на изјаснување на граѓаните во чие име овде седиме, а не рекво заради тоа што ние сме најубавите, најумните и незнам кои се во оваа држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, јас сакам да реплицирам на квалификациите на г-динот лоровски и на изјавата на г-динот Черкезов и веројатно деловнички тоа би требале да бидат две реплики, меѓутоа бидејки нивната аргументација беше толку сиромашна и повеќе квалификации отколку аргументација, ќе се потрудам во пет минути да им одговорам на двајцата.

Ова е Одлуката на Централниот комитет на ВМРО-Вистинска од 14.07.со која што баравме референдум (го покажува докментот на пратениците) еден месец пред Рамковниот договор. Тоа го обзнанивме во Макеоднија и еден месец пред тоа. Значи, два месеци пред Рамковниот договор, прва партија во Македонија побаравме референдум во РМ за изјаснување на народот.Тоа беше во тоа време и тогаш. Ние со тоа се гордееме како партија. Меѓутоа...

(Рекации и дофрлање од место)

Сакате да слушнете...

(Дофрлања од место, а претседателот предупредува на ред)

Меѓутоа...

(Дофрлања од место)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам нека зборува само оној кој добил збор.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Меѓутоа, промената на ситуацијата во РМ за која е одговорна, се знае кој во оваа Република Макеоднија, јас нема да повторувам и кој кажа овде од оваа говорница дека не владееме со една третина на територијата на РМ и несериозноста пред меѓународниот фактор, кога двајцата претставници, четворицата претставници лидери потпишаа пред тој меѓународен фактор Договор, а сега претставниците на еден од тие четворица лидери, на ВМРО-ДПМНЕ бараат да се изјаснуваме за референдум, верувајте сите ќе не сметаат за несериозни. Навистина е тоа несериозно.

Јас нема да одговорам на театарот и на парадата на Флоровски, тој правеше парада и во дискусијата за промена на Уставот, па гласаше за промена на Уставот. Сега е за референдум, па ќе гласа пак против референдумот, не знам како ќе гласа, но сигурно ќе се движи несигурно спрема партиските ставови, очигледно. Меѓутоа факт е дека плукаше против Уставот тука, против промената на уставот и на иницијативата на претседателот на државата од оваа говорница, а гласаше за неа. Сега е пак овде истиот театар и нема да дискутирам.

За аргументот на г-динот Черкезов веќе одговорив и немам повеќе што да кажувам. Меѓутоа, ме чуди што тој, истиот Черкезов е единствениот пратеник од ВМРО-Вистинска што во процедурата на иницијативата за уставни промени не проговори ни еден збор против промената на Уставот. не кажа ни еден збор од оваа говорница и прво штого кажа на оваа тема беше напад против ВМРО-Вистинска.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (продолжение)

Тоа е малку зачудувачко и многу се поклопува со ставовите на Флоровски, заедно со нападот надвор на Флоровски, вербално и со навреди врз наши членови. Но тоа не сакам сега да го коментирам.

Го молам претседателот на Собраниато да са заштити, барем во салата интегритетот на пратениците, и во околнита простории.

Еве сата јас отворено ќе ви кажам.

Дискутирате за Рамковниот договор, за промените на Уставот, за референдумот. Ајде да бидема искрени и часни, господа. Ниа често кажуваме дека сме против тие уставни промени. Не како СДСМ, господине Флоровски. Тие гласаа за.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте вие лично да им се обраќате на пратаниците.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Добро.

Гласавме против. Еве и сега ќе останеме на тој став, од утре по амандманите ќе гласаме против. Ајде виа г. пратеници од ВМРО-ДПМНЕ ве повикувам прад цалиот македонски народ да гласате исто така против, штом во дискутиите сте против тие уставни промени и против Рамковниот договор, како нас. Гласајте како ВМРО-Вистинска и нама да има промена на Уставот во РМ. Само дали ста сигурни дака *ќе* го направите тоа, после потписот на вашиот пратседател, потписник на Рамковниот

договор. Повелате кажета дали ќе гласата така како што зборувате.

Второто прашање што го поставувам како раплика на вас е зошто во парламентарна процедура, пред Рамковниот договор не дојде прашањето за референдум. Имаше низа фактори во Македонија, меѓу кои и ние кои баравме референдумско изјаснување. Сега кога потпишавте дека ќе го менувате Уставот и кога вие како најмнозинска партија во Парламентот гласавте да се оди во иницијатива за промена на Уставот, сакате да избегнете од иницијативата и од гласањето утре за амандманите. Ќе ве видиме утре, бидејќи од утре почнува расправата по амандманите. Затоа ве повикувам во иницијатива за зачувување на Уставот на РМ, господа најмнозинска партија и така волјата на народот во која верувате толку, ќе ја исполните. Меѓутоа немојте на гласањето, од утре за преамбулата да испадне нешто друго, бидејќи јас слушнав и други ставови од вашата пратеничка група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г. Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Бидејќи ме спомна г. од СДСМ на него ќе реплицирам, нема да реплицирам уздуш и попреко на некои, вака, интересни, фантастични приказни.

Баравте и ветивте дека ќе се извините, како СДСМ. Не мора како СДСМ, вие лично излезете и извинете се, ако сметате дека ова што ќе го кажам е валидно, ако не ќе го провериме документот, бидејќи вие баравте документ каде постојат 150 иљади држазјанства, каде постои доказ дека СДСМ во времето на своето владеење направил односно дал на албанците нешто што денес на глава ни се руши.

Еве ќе ви кажам.

Бидејќи вие сте заљубени во Меѓународната заедница и денес имате голема поддршка од нив, заедно со вашите коалициони партнери со двете албански партии, можете да го гледате документот на Советот на Европа при укинување на мониторингот на Македонија. Мислам дека тоа е валиден документ, барем по начинот на кој се однесувате пред секој што ќе дојде од надвор во Македонија.

Точка 95 или 96, не ме земајте за збор, ако сакате и заедно ќе го гледаме документот, ако не ќе се потрудиме да ви ископираме во нашата пратеничка група, па ќе го испратиме во вашата пратеничка група, каде што се вели: Советот на Европа ја поздравува Македонската Влада дека доделила 133.000 државјанства и тука се става еден период од 1994, 1995 па некаде до 1998 година. Меѓутоа, тој период на владеење е ваш. Сега вие имате право да се сомневате. Секој пат секоја реторика може да Се доведе во прашање и да се стави некаков извичник. Меѓутоа ќе ви кажам на гласачкиот список во 1994 година се појавени 180.000 не запишани гласачи. Вие многу добро се сеќавате, ако глумите од место сега голема болка. Вие многу добро се сеќавате која можност беше дадена, оној што го нема во гласачкиот сиписок, јас иако сум млад се сеќавам 1994 година, на тогашните избори, оној што може да го докаже својот идентитет да биде допишан. На едно место 133.000 на едно место 180.000. Не сакам да кажам колку биле шетачи на СДСМ и како ги фалсификуваа изборите. Ако сакате *ќе* зборуваме и за тоа. Меѓутоа најмалку 50.000 биле шетачи. И така ги добивте изборите во 1994 година. Сега погледнете ги тие два документи, еден на Советот на Европа, еден избирачки список и мислам дека ќе ви биде решена дилемата. Ако мислите дека тоа е валидно за вас, би требало да се извините на македонската јавност, ако не, мислам често пати сте знаеле да не одговорите на нашите прашања, па можете и сега да си замолчите во надеж дека со вашите коалициони партнери ќе ви успее опструкцијата што ја правите на Македонското Собрание.

Знаете зошто зборувам за коалиција. Затоа што во Владата не функционира коалиција, функционира надвор од Владата што ја има на мобилни телефони, ја слушаме таа коалиција односно ја читаме, ја објавуваат и на телевизии и во весници. За таа коалиција зборувам и затоа ви честитам на таа опструкција. Значи таа опструкција и денес функционира. Очигледно е дека денес ви се дадени задачи и текстови и ви е дадена задача за зборувате по два часа сите. Зошто? Затоа што утре почнуваат промените на Уставот. Денес се бркаме по ходниците, не можеме никако да ве најдеме цел ден. Ќе видиме утре колку ревносни ќе бидете и први ќе дојдете тука. Не се обраќам на ПДП се обраќам на СДСМ, но очигледно дека функционирате како едно.

Владата на широка коалиција г. Гештаковски не е направена по наше барање. Мене ако ме прашувате можете да си ги соберете вашите министри и веднаш да излезете од таа Влада, бидејќи вие откако дојдовте во таа Влада оттогаш ги имаме сите опструкции и од тогаш почна падот на Македонија. Кој знае до каде ќе отидеме, ако остенете во таа Влада. Така што ве повикувам веднаш да си излезете од таа Влада, ако имате доблест заедно со вашите коалициони партнери. Па, каде што викам, ако има 61 маж ќе направиме македонска Влада, па ќе се расправаме со овој проблем на макеоднски начин, ако нема, како што тврди г-гица или г-ѓа Шеќеринска, еве ја прозивам, има можност да реплицира, тогаш ќе видиме колку има мажи кај вас, иако не мислам на неа, да не се навреди.

Уште една работа.

Четворица лидери потпишале договор. Тој договор бил нова Библија. Јас ќе ви кажам, четворица луѓе не можат да решат за судбината на Македонија и нема да дозволам јас со мојот глас тоа така да биде, кој може тоа да го дозволи, дали некој од кај вас или од кај нас. Нека повели ќе гласаме поединечно, ова не е закана, г. Поповски си излезе, бидејќи не може да слуша кога зборуваме отворено. Ќе гласаме отворено, и јавно па ќе види македонскиот народ. Ако македонскиот народ не сака да има држава и нека нема држава. Вие помогнете му во тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г. Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Може би секоја дискусија вреди за себе и за поширокота околина и за македонската јавност. Но, морав да кажам, не мислев да дискутирам бидејќи сум пријавен за дискусија како 22 дискутант, но ме поттикнат дискусијата на една од колешките од партијата од ВМРО-ДПМНЕ.

Јас ја прашувам г-ѓата Ѓулистана, ја прашувам македонската јавност кој мисли за македонскиот народ. Колку она мисли за македонскиот народ, а колку мислат членовите на СДСМ.

Сакам да кажам еден факт кој лично се однесува за г-ѓата Ѓулистана.

Секој во животот работи за себе. Но, треба да направиш некој исчекор и за народот. Што се однесува до г-ѓата Ѓулистана, направила километри за себе, а ни педа за сопствениот народ кој го застапува во овој Парламент.

Зошто го велам тоа? Нека каже, еве јас како пратеник од граѓаните на РМ, после од партијата на која припаѓам и она како граѓанин на РМ, што направи за сопствениот народ, за сопственото родно место, за сопствената улица и за сопственото Куманово кое стотина-стотина години егзистира, со нивниот таков придонес, го доведоа Куманово да нема вода за пиење. Немојте овде да ви биде полна устата дека вие сте направиле за македонскиот народ а ние од СДСМ сме направиле за себе. Еве јас јавно прашувам што она направила на економски план за државата, на културен, политички, спротски и тн. Понатаму не сакам да зборувам како политички топ формат кое ниво го поседува во партијата на која припаѓа и во државни рамки.

Апелирам до сите колеги пратеници не треба да се девалвираат личностите. Јас бев погоден што се девалвираше личноста Никола Поповски, затоа што во мојата партија на која припаѓам СДСМ и во другите партии, камо среќа оваа Македонија да има повеќе такви синови, чесни, коректни, лојални на македонската држава. И мислам барем оние квалитетни луѓе кои ги имаме не треба да ги девалвираме пред оваа говорница, пред македонската јавност.

Морам да кажам дека многу партии губат и изгубени избори баш од такви што едно зборуваат а поинаку се однесуваат во животот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За релика се јавува г. Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Сакам да му одговорам на апелот на г. Златко Стојменов кога јавно ја повика пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, амблок да ги одбие сите предложени нацрт-уставни амандмани кои кореспондираат со оние амандмани што се дадени во Рамковниот договор. Од проста причина го одбивам тој повик да им се придружиме, затоа што не гледам дека во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ постои вакво расположение блок да се одбијат баш сите амандмани. Има таму и прифатливи решенија. Така да оставам

подоцна да си го кажат своето мислење секој од пратениците поодделно.

Што се однесува до втората работа што ја рече дека ние ја поддржуваме иницијативата за референдум затоа што сакаме на тој начин да не успее Рамковниот договор, односно нацртуставните амандмани, исто така го одбивам затоа што референдумот е средство и начин на најдемократско изразување волјата на народот. Тоа не значи дека тој народ ќе го прифати референдумското прашање. Може да го одбие, може да гласа за, може да гласа против. Ние не прејудицираме ништо на овој начин, само ја поддржуваме иницијативата за да се слушне гласот на народот и ништо повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално за збор се јавува г. Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Претседателе сакам да знаеме една работа, вие можете да ни го појасните на нас пратениците тука во Собранието.

Јас сакам да знам, сигурно и другите пратеници, до колку ќе работиме вечерва. Нема никаков проблем, можеме и цела ноќ да работиме. Меѓутоа добро би било ние пратениците да знаеме до колку ќе работиме, од многу причини. Јас почнав веќе да ги жалам некои пратеници, излегоа од шините.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ви кажам дека денес нашиот работен ден почна многу рано. Еден добар дел од нас бевте во Комисијата за уставни прашања, цел ден таму работевме. Сега овде продолжуваме. До 24,00 часот не можеме да работиме. Едноставно јас толку не можам да издржам. Не знам кој друг може тоа, а ние, иако сигурно сум докажувал колку моожам да издржам, но овој пат навистина не можам. Така да наскоро ќе завршиме.

Второ, јас сакам да ги иссцрпиме овие реплики и да престане веќе со реплики. Ќе ви кажам дека меѓусебните провокаиции, понижувања, на сите ни штетат. Провокативните настапи се лоши настапи. Немојте да ги следите и немојте да реплицирате. Тие ги понижуваат, пред се самите тие што ги прават. И јас сум спомнат ама не ми паѓа на памет да одговорам на такви будалаштини. Немојте така. Провокации се тоа.

Инаку околу тоа до колку ќе работиме, имав намера, ако престанеме со репликите, да ислушаме уште тројца говорници. Ако е многу и ако не можете да издржите ќе завршиме брзо. Да ги ислушаме репликите и ќе завршиме.

За реплика се јави г. Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Сакам да му реплицирам на г. Стојменов кој навистина, тука пред вас како народни избраници и пред македонската јавност изнесе некои невкусни невистини и сакам уште еднаш да го демантирам.

Овде го имам заклучокот, поделен е на медиумите во Македонија. Утре ќе биде објавен. Со овој заклучок ВМРО-Виситинска може да се горедее дека уште на 14 јули излегле со барање пратениците на ВМРО-Вистинска да поддржат референдум. Кој му дал право на г. Стојменов да го менува ставот на Централниот комитет, да еволуира, само поради тоа што добил парче власт и денес да евоулира од пратриот во човек кој кажува дека ова било пред 14 јули. Па дали има нова одлука на Централниот комитет која ќе ја смени оваа одлука г. Стојменов.

Понатаму кажа овде дека при усвојувањето на дневниот ред за уставните промени не сум дискутирал. Сакам камерите да го зумираат тоа. Ние уште на 14 јули г. Стојменов, четворица пратеници формиравме групација, кажавме нема да расправаме за Уставот под вооружен притисок, г. Стојменов. Затоа не дискутирав на таа седница.

Тоа е мојата одбрана. Сакам тоа македонската јавност да го види.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Проверете си ги записниците ве молам, немојте овде да дискутирате.

Еве ќе му дадам збор уште на г. Данило Глигоровски кој има процедурално забелешка и за денеска завршуваме.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Јас имам процедурално прашање во врска со текот на седницата.

Ние сега зборуваме дека после одреден број на пратеници и после репликиве ќе ја прекинеме седницата. И тоа е валидно размислување, можеме така да размислуваме.

Меѓутоа, колку што забележавме сите и целата македонска јавност како што забележа, ова е извонредно важна седица. Не можеме да ја прекинеме без да се каже кога ќе продолжиме, бидејќи ако денес ја прекинеме оваа седница па

утре почнеме да расправаме за друга седница, за амандманите, практично не сме ја завршиле оваа работа. Мора да се знае кога ќе ја завршиме оваа седница. Без разлика вечерва и да прекинеме мора да се знае, да не очекува некој дека утре ќе почнеме друго да дискутираме, а тоа не сме го завршиле. Мора да ни кажете кога ќе продолжиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве ќе ви одговорам.

Седницата е многу важна, меѓутоа вниманието не и е посветено, туку отидовме во правец на меѓусебни оговарања, меѓусебни омаловажувања и темата ја ставивме настрана. Поради тоа, оваа седница сега ќе ја прекинам, сега во овој момент а ќе продолжиме со неа во четврток.

Утре работиме по Осумдесет и петата седица.

Седницата прекина со работа во 19,30 часот.